Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр. 04-895/15
01.07.2025
Ohër

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД

НУ Завод и Музеј – Охрид, ул. „Боро Шаин" бр.10, П.фах 95, 6000 Охрид, Република Северна Македонија, тел.046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302,
Музејска зграда Робевци – тел.046/267-173, e-mail: zimohrid@yahoo.com; жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10,124/10,47/11,11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), членот 3 и членот 20-г, 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), врз основа на член 11 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, постапката за вработување на помошно – технички лица во НУ Завод и Музеј – Охрид донесен од страна на УО со број 02-889/1 од 20.06.2025 година, врз основа на член 13 став 2 алинеја 5,6, 20 од Статутот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид (бр. 01-64/1 од 13.01.2016 година) и Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас 03/2025 бр. 04-895/14 од 01.07.2025 година, Директорот на ден 02.07.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### за избор на кандидати по Јавен оглас бр. 03/2025

По Јавен оглас бр. 03/2025 објавен од страна на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид за вработување на 1 (еден) извршител, помошно – технички персонал на неопределено работно време, на работното место со назив на работно место Билетопродавач со звање на работно место Одржување на објектите I ниво , со шифра на работно место КУЛ0401Б01002, се избира кандидатот Елена Стрезоска.

Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 03/2025 бр. 04-895/14 од 01.07.2025 година. Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на неопределено време на работното место со назив на работно место Билетопродавач со звање на работно место Одржување на објектите I ниво , со шифра на работно место КУЛ0401Б01002, со склучување Договор за вработување, кој ќе се склучи по конечноста на оваа Одлука.

За извршениот избор ќе биде известен избраниот кандидат.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб-страната на НУ Завод и Музеј - Охрид и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

НУ Завод и Музеј – Охрид на ден 23.06.2025 година објави Јавен оглас бр. 03/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител помошно – технички персонал, на работното место со назив на работно место Билетопродавач со звање на работно место

Одржување на објектите I ниво , со шифра на работно место КУЛ0401Б01002. Рокот за доставување на пријавите за вработување со потребните документи изнесуваше 3 (три) работни дена сметано од денот на неговото објавување во дневните весници „Слободен Печат“, „Вечер“ и „Коха“ како и на web страната на установата www.muzejohrid.mk.

Со Решение со бр. 04-895/6 од 30.06.2025 година беше формирана Комисија за постапка за вработување номинирана од Министерството за култура и туризам со Известување за номинирани членови на Комисија за постапка за вработување со број 31-6331/2 од 30.06.2025 година.

На ден 01.07.2025 година, Комисијата за постапка за вработување изврши административна селекција на пристигнатите пријави по Јавниот оглас бр. 03/2025 како прва фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена административна селекција бр. 04-895/10 од 01.07.2025 година.

На ден 01.07.2025 година, Комисијата за постапка за вработување спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју како втора фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од спроведена проверка на веродостојност на доказите и спроведено интервју бр. 04-895/13 од 01.07.2025 година.

На ден 01.07.2025 година, Комисијата за постапка за вработување до Директорот на установата достави Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас 03/2025 бр. 04-895/14 од 01.07.2025 година со кој на Директорот му предложи на работното место од помошно-технички персонал со назив на работно место Билетопродавач со звање на работно место Одржување на објектите I ниво , со шифра на работно место КУЛ0401Б01002, да биде избран кандидатот Елена Стрезоска.

Врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Завод и Музеј - Охрид, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.**

Директор,

м-р Горан Патчев